Предводени од заедничките интереси како и од силната волја за подобрување на соработката помеѓу македонските и холандските компании во рамките на коморското функционирање, а се со цел побрз и поголем развој на стопанството во Република Македонија , страните го потпишаа следниот :

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу

1. **Холандска стопанска комора во Македонија**, Здружение на граѓани ДЦЦ со адреса на ул. 50 та Дивизија бр.16, п.фах 744, 1000 Скопје , претставувана од Г-дин Питер Х. Боссе , претседател

и

2. **Сојуз на стопански комори на Македонија** со адреса на ул. Прашка бр.23, 1000 Скопје, претставувана од Г-дин Венко Глигоров, претседател

## Цел

Целта на потпишување на овој меморандум е воспоставување на заедничка соработка при функционирањето на двете правни тела во Р.Македонија, регулирање на заедничките активности и утврдување на принципи преку кои двете страни ќе работат за развој и промоција на своите членови и нивно взаемно унапредување во стопанството.

Потписничките страни се согласија заеднички да учествуваат во повеќе проекти од големо значење за двата субјекти, кои ќе се реализираат преку повеќе активности како:
организирање на про-мисии, бизнис форуми, средби и предавања за претставници од различни сектори од индустријата од Република Македонија со претставници од Кралството Холандија, воспоставување на контакти помеѓу одредени субјекти од двете земји, заедничко истражување на нови научни достигнувања и нивна имплементација, превземање на активности за развивање конкретни индустриски иницијативи кои ги поттикнуваат претприемачките вештини на компаниите-членки и ги подобруваат нивните производни и конкрентски капацитети, делување во развојни истражувања, изработка на развојни програми, стратегии за развој на стопанството.

## Права и обврски

Со овој Меморандум за соработка двете заинтересирани страни се обврзуваат да работат заедно при планирањето, организирањето и имплементирањето на проектните активности за достигнување на целите на коморското работење и тоа како преку делење на обврските, така и преку